**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-426/10
Датум: 08-04-2022
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018 и „Сл. Весник на РСМ" бр.178/21), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), член 59 став 1 точка 9 од Статутот на Филозофскиот факултет (Универзитетски гласник бр.463/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **VIII** редовна седница одржана на **8.IV 2022 год.**, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1257 од 15.III 2022 година за избор на **проф. д-р Елена Ризова** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Андрагогија со шифра 50524 и Педагогија со шифра 50500. (Билтен бр.1257/114).
2. Се избира **проф. д-р Елена Ризова** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Андрагогија со шифра 50524 и Педагогија со шифра 50500.

Со извршениот избор именуваната засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од денот на донесување на одлука за потврдување на избор во звањето редовен професор од Универзитетскиот сенат.

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

3. д-р Елена Ризова се избира во наставно-научно звање **редовен професор, доживотно.**
4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 1.II 2022 година, се пријави: д-р Елена Ризова.

Согласно Рефератот од страна на рецензионата комисија, по утврдување на комплетноста на документацијата и спроведената евалуација, кандидатката д-р Елена Ризова беше предложена за избор во наставно-научно звање редовен професор. Рефератот е објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1257 од 15.III 2022 година.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на **8.IV 2022** година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот/ата, досието, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Декан,**
**на Филозофскиот факултет**

проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова